Јавно комунално претпријатие
ДЕРВЕН
Бр. 01-2112/1
10.12 2024 год.
Велес



# ИЗВЕШТАЈ

за работа на претпријатието за период
I - IX месец 2024 год.

дервен

Велес, Октомври - 2024 год.

Преку овој извештај е прикажано работењето на ЈКП ДЕРВЕН во изминатите 9 (девет) месеци во 2024 год. и истиот ги содржи основните податоци за работењето преку остварениот физички обем на производство и услуги и финансиските показатели.

## Дејности на претпријатието

- Преработка на вода, дистрибуција на истата до корисниците и одржување на објектите и опремата од системот за водоснабдување.
- Прифаќање и одведување на фекалната вода и одржување на канализационата мрежа.
- Собирање, изнесување и депонирање на комунален и индустриски цврст отпад од станбени, деловни и индустриски објекти во сопственост на физички и правни лица.
  - Чистење на јавни прометни површини.
  - Управување со градските гробишта.
  - Одржување на градската депонија.
  - Одржување на депонијата за градежен шут.
  - Уредување, одржување и подигнување на градско зеленило.
  - Организирање на пазари на мало.
  - Инженерство, техничко советување и изградба на објекти од нискоградба

## Организациона поставеност на претпријатието

Организационата поставеност на претпријатието согласно Статутот на претпријатието овозможува процесот на работа да биде организиран на ниво на сектори со свои одделенија и оддели и заеднички служби со одделенија, кои функционално се надополнуваат во своите дејности.

I. Сектор Водовод и канализација
II. Сектор Комунална хигиена
III. Сектор Паркови и зеленило
IV. Сектор Заеднички служби
V. Одделение Пазари
VI. Одделение за Планирање, инвестиции и развој

## I. Сектор Водовод и канализација

Овој сектор го одржува комплетниот водоводен и канализационен систем во градот и се грижи за непрекинато и квалитетно водоснабдување на корисниците, како и за одведување на отпадните води .

За извршување на овие активности, секторот Водовод е организиран во соодветни одделенија и оддели :

I.1 Одделение Фабрика за вода;
I.2 Одделение за Дистрибуција и одвод, кое се состои од следните оддели:
- I.2.1 Оддел Одржување;
- I.2.2 Оддел Канализација;
- I.2.3 Оддел Приклучоци;
- I.2.4 Оддел Баждарница;

I.3 Одделение за Одржување на пумпни станици и резервоари.

Во текот на првите девет месеци од 2024 год. овој сектор има за цел услугите да ги извршува со што повисок степен на квалитет и со најефикасна употреба на постоечките ресурси, навремено детектирање и елиминирање на сите неконтролирани истекувања на вода од водоснабдителниот систем со цел намалувањена загубите на вода, перманентно следење на квалитетот на суровата и преработената вода и оспособување на водоснабдителниот систем за прифат и дистрибуција на вода до сите реони во градот преку редовно одржување на постоечките водоводни линии.

Суровата вода што се преработува во Фабриката за вода се доведува од акумулацијата „Лисиче“. Суровата вода директно се зафаќа од акумулацијата и преку доводен цевовод со дијаметар од 1000мм и 700мм и со должина од **21.500м`** се доведува до Фабриката за преработка на на сурова вода.Фабриката за преработка на вода е со капацитет од **500 л/сек.** Во склоп на фабриката функционира и лабораторија за следење на квалитетот на водата. Водоснабдителниот систем на градот се состои од деветнаесет резервоари со капацитет од **8.160 $м^3$**, водоводни линии со вкупна должина од **123.250 м`** изведени од различни видови на материјали, **6** препумпни станици и **18.405** водомери.

Во изминатиот период Општина Велес на ЈКП Дервен Велес ги предаде на управување Водоснабдителниот систем за водоснабдување на Езеро Младост, с. Новачани, новоизградениот водоводен систем за водоснабдување на с.Отовица, с.Сопот, с.Чалошово и водоводниот систем за нас.Порцеланка (Долно Оризари) кои се дел од водоснабдителниот систем на градот. Овие водоснабдителни системи се предадени на ЈКП Дервен Велес комплет со веќе постоечка разводна мрежа. ЈКП Дервен управува и со посебните водоводни системи во с.Караслари, Индустриска зона с.Караслари, с.Црквино, с.Мамутчево, с.Сливник, с.Сујаклари и с.Иванковци. Жителите на с. Иванковци сеуште не дозволуваат да се управува локалниот водоснабдителен систем од страна на ЈКП Дервен, за што ќе се превземат правни мерки согласно законската регулатива.

Со превземањето на селските водоводни системи, обемот на работа на Сектор Водовод и канализација се зголемува со одржување на водоводни мрежи на оддалечени локации кои не се поврзани со водоснабдителниот систем на градот и се со проценета вкупна должина од **26.922** м`, пет бунари снабдени со пет длабински пумпи, една каптажа, една препумпна станица и шест резервоара со вкупна зафатнина од **930 $м^3$.** За дезинфекција на водата има поставено во секој систем пумпа за дозирање на хлор. На новопревземените водоводни системи има приближно **596** приклучоци.

Поради зголемениот обем и опсег на работа ова одделение се соочува со недостаток на стручен кадар и возила како би можело да одговори на барањата на жителите од општината каде управува со водоснабдителните системи.

**Во изминатиот период од 2024 год.** произведени се **4.198.080 $м^3$** вода за пиење, а фактурирани се **1.839.866 $м^3$** вода, од кои за претпријатија и установи **343.315 $м^3$**, за домаќинства **1.496.551 $м^3$** вода. Неприходована вода **2.358.214 $м^3$ .**

Зголемената количина на неприходованата вода е последица од превземањето на водоснабдителните системи на с.Отовица и водснабдителниот систем за водоснабдување на нас.Трпезица, нас.Дурутовец и с.Чолошево. По превземањето на новоизградените водоводни системи, ЈКП Дервен врши комплетно прочистување и дезинфекција на новите цевководи, резервоари и разводната мрежа во населбите. Постоечките разводни мрежи во населбите се со старост од околу триесетина години без проектна документација и со бројни дефекти каде се губи водата. Исто така големи загуби на вода се регистрирани во период од неколку месеци, период потребен за евидентирање на постоечките приклучоци, замена на неисправните водомери и монтажа на нови водомери каде до превземањето на постоечките рурални водоснабдителни системи немало мерење на потрошената вода.

Со превземањето на с.Отовица и с.Чалошево во периодот на дезинфекција на цевководите и објектите и евиденцијата на потрошувачите (сеуште се откриваат непријавени потрошувачи) има немерена потрошувачка и се евидентира како **техничко комерцијална загуба на вода**.

**Неприходованата вода** е по следните основи :

**Наменски потрошена вода** - одредено според норми **53.000 м³ (1,26%)**
- Перење на јавни сообраќајни површини,
- Чешми, перење и дезинфекција на пазари, јавни клозети и др. слични објекти,
- Дотур на технолошка вода по барање на правни лица и сл.

**Технички и комерцијални загуби – 2.305.181 м³ (54,%)**

**Технички загуби**
- Технички губиток (истекување заради дефекти, перење на цевководи,испирање на каналска и водоводна мрежа и испирање на резервоари),
- Испуштање на вода поради прочистување на водоводна мрежа во случаи каде нема кружен тек на водата и во цевководи каде што има мала потрошувачка на вода.

**Комерцијални загуби:**
- Неизмерена потрошувачка произлезена од неисправни водомери,
- Разлики во отчитаната и реално потрошена вода,
- Незаконски приклучени потрошувачи и сл.

**Процентот на неприходувана вода е еден од клучните индикатори преку кои се оценува успешноста на работата на давателите на водни услуги и истиот во 2023 год. во Република Македонија е 11% и 92%, во зависност од давателот на водната услуга – се наведува во извештајот на РКЕ. (Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги)**

**Како што е посочено, во согласност со достапните податоци, процентот на неприходувана вода во 2023 година на ниво на Република Македонија изнесува 62,29%.**

**I.1 Одделение Фабрика за вода – Во првите девет месеци од 2024 год.**, во фабриката суровата вода се преработува во хигиенски исправна вода за пиење.

Технолошкиот процес за преработка на водата е сложен процес и опфаќа повеќе фази кои се управуваат и контролираат со постојан мониторинг и архивирање на податоците автоматски преку SCADA систем (*Supervisory Control and Data Acquisition).*

Фабриката за преработка на вода пуштена е во функција во 1991 год. и е опремена со современа технологија за преработка на вода за пиење.

Согласно Законот за безбедност на храната имплементирани се процедурите базирани на HACCP принципите и се применува системот за проценка за ризикот на критичните контролни точки. Со имплементацијата на HACCP системот се овозможува производство на здравствено-хигиенски безбедна вода за пиење.

За непрекинат 24 часовен мониторинг на квалитетот на водата за пиење која се пласира од фабриката за преработка на вода до крајните корисници, фабриката располага со сопствена лабораторија која е овластена за вршење на физичко-хемиски анализи. Во лабораторијата квалитетот на водата се следи преку извршување на физичко-хемиски анализи на суровата вода од хидросистемот Лисиче, физичко-хемиски анализи за моноторинг и управување со процесот на преработка на водата во фабриката, анализи со кои се следи хигиенската исправност на водата за пиење на излез од фабриката и во градскиот дистрибутивен систем. **Во изминатите девет месеци од 2024 год. изработени се:**

- **1080** - основни физичко-хемиски анализи на суровата вода од акумулацијата,
- **1080** - основни физичко-хемиски анализи на преработена финална вода на излезод ф-ката,
- **940** - основни физичко-хемиски анализи на вода за пиење од резервоарите, градскиотд истрибутивен систем. и вода од селски водоводи.
- **9** - физичко-хемиски анализа на отпадна вода на излез од ф-ката

Во текот на **изминатите девет месеци** се спроведе континуиран сопствен мониторинг и на микробиолошката исправност на водата за пиење и изработени се:

- **14**__ микробиолошки анализи на сировата вода ,
- **15**__ микробиолошки анализи на преработената вода и
- **15**__ микробиолошки анализи на водата во дистрибутивниот систем

Согласно член 5, 37, 38 и Табела/Прилог бр.3 од Правилникот за безбедност на водата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.46/2008), извршени се редовни контроли на водата од страна на ЈЗУ „Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија“ и од страна на акредитирана лабораторија ФУД ЛАБ Скопје.

Од страна на акредитирана лабораторија ФУД ЛАБ Скопје. **во изминатиот период од 2024 год.**, извршени се физичко-хемиски и бактериолошки анализи и тоа од :

- Градскиот дистрибутивен систем и резервоарите;
- Анализи на финална вода од резервоарот за чиста вода во Фабриката за преработка на вода за пиење;
- Сурова површинска вода од акумулацијата.

Во ЈЗУ „Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија“ – Скопје извршени се:

- **3**__ Периодични прегледи на примероци од финална вода земени од резервоарот за чиста вода во фабриката;
- **3**__ Периодични прегледи на примероци од суровата вода;
- **2**__ Периодичен радиолошки преглед на финална вода
- **1**__ Периодични прегледи анализа на резидуи на пестициди

Резултатите од анализите извршени од страна на сите горенаведени институции ги задоволуваат законските прописи согласно Правилникот за безбедност на водата за пиење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.46/2008).

Во фабриката за преработка на вода за пиење, ЈЗУ „Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија“, врши редовно санитарно – хигиенски увид во рамки на Националната годишна Програма за јавно здравје на Република Северна Македонија при што континуирано е констатирано дека:

- Фабриката за преработка на вода за пиење одлично ја пречистува водата за пиење и редовно го снабдува населението со вода за пиење во градот Велес и приградските населби.
- Квалитетот и безбедноста на водата за пиење редовно се мониторира
- HACCP програмата поготвена од страна на стручниот тим во ф-ката редовно се спроведува
- Менаџерскиот тим на ЈКП Дервен Велес посветува должно внимание за непречено функционирање на ф-ката за преработка на вода за пиење.

### I.2 Одделение за Дистрибуција и одвод, кое се состои од следните оддели:

**I.2.1 Одделот Одржување** во својата работа се раководи од обврските што произлегуваат од нормативните акти на ЈКП „Дервен“, и при тоа ги извршува следните работни активности:

- Систематски прегледи на водоводната мрежа;
- Редовно тековно одржување на водоводната мрежа во градот;
- Интервенции на дефекти во водоводната мрежа;
- Одржување на водоводните инсталации на јавни чешми и фонтани;
- Реконструкција на водоводни линии;
- Систематско промивање на мрежата по пунктови;

- Систематско следење на притисокот во водоводната мрежа;
- Одржување на водоводни линии на посебните водоводни системи во с.Караслари, Индустриска зона с.Караслари, с.Црквино, с.Мамутчево, с.Сливник, и с.Сујаклари;
- Останати работи и услуги.

**Во првите девет месеци од 2024 год.**,одделот **„Одржување“** во рамки на тековното одржување ги изврши следните работни активности :

- Интервенции на дефекти на водоводни линии на водоснабдителниот систем во градот........................................................................ **178**
- Други интервенции................................................ **45**

Поради специфичноста на работата, одделот Одржување,е организиран со дежурни екипи кои интервенираат на повик за отстранување на дефекти на водоводната мрежа дваесет и четири часа секој ден во неделата, како и за време на државни празници.

Овој оддел со своите работни активности активно учествува во намалувањето на загубите на вода во дистрибутивниот систем.

**I.2.2 Одделот Канализација** согласно законите и актите на ЈКП „Дервен“ги извршува следните работи:

- Одржување во исправна состојба на фекалната канализациона мрежа заедно со објектите на неа;
- Интервенција на дефекти на канализационата мрежа;
- Контрола на изведбата на каналски приклучоци;
- Доведување на улиците во исправна состојба на места каде што се извршени ископи заради отстранување на дефекти на водоводната и канализационата мрежа;
- Перење - чистење на канализациони линии рачно и со цистерна.

**Во изминатиот период од 2024 год.**, низ канализационата мрежа што ја одржува ЈКП Дервен извршено е одведување на **1.574.769 м$^3$** отпадни фекални води од кои **1.294.334 м$^3$** од домаќинствата и **280.435 м$^3$** од правните лица. Со одведување на отпадните води не се опфатени населба Горно Оризари, дел од населба Превалец и дел од населба Речани.

Должината на главната канализациона мрежа во градот е **70.596 м`** со приближно **1.818** контролни шахти, три преливни шахти и **16.913** приклучоци по водомери за наплата.

**Во изминатиот период од 2024 год.**, овој оддел во склоп на тековното одржување ги изврши следните работни активности:

- Интервенции и дефекти на улична канализација ...... **433**
- Услуги спрема други претпријатија ...... **24**

**I.2.3 Одделот Приклучоци** ги извршува следните активности:

- Изготвување решенија за приклучување на водоводна и канализациона мрежа;
- Изработка на пресметки за изведување на приклучоци и приклучни линии;
- Изведување водоводни приклучни линии со водомерна арматура;
- Врши реконструкција на приклучните линии и преместување на водомерите по барање на граѓаните.

**Во првите девет месеци од 2024 год.**, одд.Прилкучоци активно продолжи со работа во месец јануари и покрај променливите временски услови за реализирање на барањата поднесени од страна на физички и правни лица и од изминатата 2023 год.

**Во изминатиот период од 2024 год., реализирани се вкупно 174 барања**

**Во првите девет месеци од 2024 г.** доставени се вкупно **233 барања** ,

- **од кои** реализирани се **124 барања,**
- **останати** за реализирање **109 барања.**

- Нови приклучоци по поднесено барање,........................................ **51**
- Промена на линии , преместување , исклучување на водомери......... **50**
- Корисници кои се исклучени по барање ............................................. **6**
- Корисници кои сами откажуваат, одложуваат......................................... **3**
- Нова и Промена на канализациона линија ............................................ **7**
- Одбиени ............................................................................................ **7**

**Во изминатиот период од 2024 год.**

**Реализирани барања од 2023 год. Останати барања - 67**

- Нови приклучоци ........ **8**
- Промена на лин., преместување ........**12**
- Исклучување. на водомер ........ **4**
- Корисници кои сами откажуваат ......... **4**
- Промена на канал приклучок ........../
- Технички Одбиени со Решение ........ **22**

**Табеларен приказ на реализирани барања за првите девет месеци од 2024**

| Опис | По барања од 2023 | По барања од 2024 | Се Вкупно |
|---|---|---|---|
| Нови водоводни приклучоци | 8 | 51 | 59 |
| Промени, преместувања на водомери , приклучни линии и исклучување на водомери | 16 | 56 | 72 |
| Самоволно откажани барања | 4 | 3 | 7 |
| Нови канализациони приклучоци | 0 | 7 | 7 |
| Одбиени барања | 22 | 7 | 29 |
| **Се Вкупно :** | **50** | **124** | **174** |

**Одд.Приклучоци**, продолжува со своето работење низ градот и околните населби на поднесените барања од изминатата **2023** и **ново поднесени** барања **во 2024 год.**

**Со задолжение од Раководителот** на Сектор Водовод, во соработка со Општина Велес оддел Приклучоци работи и на реконструкции на застарени водоводни линии низ улиците во градот како и по доставени Барања од

**I.2.4 Одделот Баждарница** е во состав на Одделението за Дистрибуција и одвод и врз основа на своите утврдени обврски има задача да врши:

- Контрола и одржување во исправна состојба на водомерите кај сите корисници на вода;
- Поправка и баждарење на водомери;
- Замена и монтажа на водомери;
- Испитување на водомери;
- Други работи и услуги (замена на неисправни вентили и сл.)

За извршување на овие задачи овој оддел располага со соодветен кадар и потребна опрема за одржување и поправка на водомери од ½" до 2", а за која дејност има овластување од Бирото за метрологија на Република Македонија, во 2023 год., **Во изминатите девет месеци** овој оддел има извршено :,

- Замена на неисправни водомери ............ **144**
- Други услуги (замена на вентили и др.) ............. **129**

**II.3 Одделението за Одржување на пумпни станици и резервоари** во извештајниот период редовно ги извршуваше своите работни обврски и тоа :

- Редовни прегледи на електро-машинската опрема што се наоѓа во резервоарите и препумпните станици ;
- Отстранување на дефектите што се јавуваат при експлоатација на електро-машинската опрема која се наоѓа во објектите од системот за водоснабдување;
- Реконструкција (замена на стари електро командни и заштни елементи во ел.ормани) во ППС Југотутун-Оризари, бунар Мамутчево, бунар Маркарт, Бунар за техничка вода Маркарт,
- Нова изведба на заштита од високо ниво-прелив во ППС Езеро Младост
- Периодични перења на резервоарите од системот за водоснабдување;
- Извршено е детално чистење на околината на резервоарите во градот.
- Одржување на украсните фонтани во градот (чистење и поправки на водоводната инсталација и електро-машинската опрема при дефекти).
- Редовна проверка и одржување на електромашинска опрема и опрема за хлорирање во водоснабдителените системи и одржување на водата за пиење во исправна состојба со редовно хлорирање на системите во : с.Црквино, с.Мамутчево, с.Караслари, индустриската зона во с.Караслари, с.Сливник, с.Сујаклари и село Иванковци каде поради попречување од локалното население неможе системот за хлорирање да се одржува редовно во исправна состојба.
- Осветлување на цветни жардинери кај Панко Брашнар и над градинката во населба Тунел.
- Инсталација на пумпа со фреквентна регулација во месност Трпезица
- Отворање на отвор во ѕид во ППСЈуготутун, Оризари, за поставување на врата за внес на ел.маш.опрема.
- Во тек е изработка на шина за тирфур за подигање и транспорт на опрема во ППСЈуготутун, Оризари.
- Отворање на отвор на резервоарот ППС Југотутун Оризари за поставување на сонди за ниво на вода и поставување на нова електрична инсталација потребна за работа на сондите.
- Направена е нова испусница на истиот резервоар со поголема висина за да се добие поголема количина на вода и затворена е старата испусница од резервоарот.
- Поставување на нов ел.команден орман во препумпна станица Југотутун, Оризари
- Поправка на усисна и потисна инсталација во бунар за с.Караслари, со тоа што моментално се користат две потопни пумпи во две бушотини и се полнат двата резервоари одделно (едниот резервоар го користат населба караслари, другиот го користат индустриската зона во караслари) со тоа е добиена потребна количина на вода за двете локации.
- Се изведуваат градежни активност кои се неопходни за чистење за правилно функционирање на фонтана Младински парк.
- Во населба Отовица активирани се пумпите за фекалии со тоа е регулирано нивото во резервоарот за фекалии и на истиот резервоар се врши редовна контрола секоја недела.

Одделението за одржување на пумпни станици и резервоари, врши изведба на нови електрични инсталации во сите Сектори на ЈКП Дервен, а исто така и поправки на електричните инсталациии.

За извршување на овие работни активности Одделението за Одржување на пумпни станици и резервоари располага со соодветен кадар и потребна опрема и самостојно ги извршува сите работни задачи.

**Податоците за физичкиот обем на производство и услуги на Сектор Водовод во изминатиот период од 2024 год.** се прикажани во Преглед бр.1, а на планираните и остварени финансиски резултати во Преглед бр. 2, 3 и 4.

**Јанева Родна - Раководител на Сектор Водовод и канализација**

**II. Сектор Комунална хигиена**

**Основните задачи на овој Сектор се следните:**

- Собирање и транспортирање на комунален и индустриски неопасен отпад од индивидуалните корисници и правните лица;
- Депонирање на комуналниот и индустриски неопасен отпад на градската депонија;
- Одржување на градската депонија согласно стандардите за зачувување на животната средина;
- Селектирање на отпад од пакување,
- Чистење на јавно прометни површини (метење и миење);
- Управување со Градските гробишта.

За извршување на горенаведените активности, овој Сектор е организиран во соодветни Одделенија:

- Одделение за Износ на смет, кое е составено од следните оддели:
  - Оддел Автомеханичарска работилница
  - Оддел Депонија
  - Оддел за Складирање и третман на отпад
- Одделение Јавна хигиена, и
- Одделение Гробишта.

**II.1 Одделението за износ на смет** врши собирање, транспортирање и депонирање на отпадот од индивидуалните станбени површини и претпријатија, согласно донесениот Оперативен план – по реони и денови за изнесување на сметот.

**Во првите девет месеци од 2024 год.** изнесен е отпад со површина од **28.306.686 м$^2$**. Од домаќинствата изнесен е отпад со површина од **23.264.551** м$^2$, а од претпријатијата со површина од **5.042.135 м$^2$**, од индустрија се изнесени **9.881 м$^3$** .

За извршување на овие активности одделението за износ на смет е опремено девет специјални возила (авто смеќари) со вкупен капацитетод 70м$^3$, две комбинирани специјални возила од 27м$^3$ и 22м$^3$, две специјални возила (авто подигачи) за транспорт на контејнери од 5-7м и еден автоподигач опремен со грејфер (дигалка) за подигање на подземните контејнери.

За извршување на овие активности Одделението за износ на смет е опремено со три трактори со приколка со носивост до 3 тони кои служат за изнесување на отпадот од повисоките зони на градот каде улиците се тесни и сообраќајот се одвива отежнато.

Од територијата на град Велес и од приградските населби Превалец и Речани комуналниот отпад се собира два пати седмично во ноќните часови. Поради поголемата количина на комунален отпад што се создава на улиците „8-ми Септември", „Страшо Пинџур", „Илинденска", „Лазо Осмаков", „Христо Татарчев", „11-ти Октомври", „Нада Бутникошарева", „Петре Прличко" и дел од ул. „Архиепископ Михаил" (контејнери од 1,1м$^3$ ), отпадот од овие локации се собира секојдневно во утринските и вечерните часови .

Од руралните средини: с.Горно Оризари,с.Клуковец ,с.Башино село, с.Чалошево, с.Дурутовец, с.Раштани, с.Бузалково, с.Отовица, с.Сујаклари, с.Мамутчево, с.Карасларии и с.Црквино, собирањето на комунален отпад се врши два пати седмично во претпладневните часови.

Собирањето, транспортирањето и депонирањето на индустриски неопасниот отпад од правните субјекти на територијата на Општина Велес се врши два пати седмично во претпладневните часови.

**Во изминатиот период 2024 год.** склучени се договори за исфрлање на отпад со новоотворени правни субјекти на територијата на Општина Велес

**Табела за собрани количини на отпад по вид:**

| Ред бр. | Вид на отпад | Првите девет месеци од 2024 г. ($m^3$) |
|---|---|---|
| 1 | Измешан комунален | 29.952 |
| 2 | Пазари | 4.780 |
| 3 | Пластика | 1.204 |
| 4 | Хартија и картон | 559 |
| 5 | Биоразградлив | 900 |
| 6 | Обраб.финал.кожи | 1.941 |
| 7 | Животинско | 1.316 |
| 8 | Текстилнаиндустрија | 1.462 |
| 9 | Кујни и кантини | 2.197 |
| 10 | Плочки крш | 29 |
| 11 | Праш. и згураодкотли | 690 |
| 12 | Прехранбена индустрија | 1.240 |
| 13 | Струж, глод. метал | 594 |
| 14 | Тутунска индустрија | 5 |
| 15 | Дрвнаиндустрија | 129 |
| 16 | Отпади | 278 |
| | **ВКУПНО:** | **47.284 $м^3$** |

**II.1.1 Одделот Автомеханичарска работилница** врши навремено отстранување на дефектите на возилата на ЈКП „Дервен", со што се овозможува непречено извршување на услугите кон граѓаните и покрај застареноста на возниот парк на претпријатието. Исто така овој оддел изготвува и спецификации за авто делови за потребите на Одделот за јавни набавки.

**II.1.2 Одделот Депонии** ги одржува двете општински депонии:

- Градска депонија за комунален и индустриски неопасен отпад
- Депонија за градежен отпад и шут

Комуналниот и индустриски неопасниот отпад на градската депонија се третираат со булдозер, а покривањето на отпадот со земја се врши со ровокопач - багер за ископ на земја и со трактори.

На двете депонии се води дневен и месечен извештај за количината на депониран отпад. Редовно се доставуваат транспортни и идентификациони формулари за количината и видот на отпадот од правните субјекти кои создаваат индустриски неопасен отпад.

**II.1.3 Оддел за складирање и третман на отпад**

**Во изминатиот период од 2024 год.** секојдневно, освен во недела, се собира хартија и картон од правни субјекти по претходно утврдена рута, која е проширена во однос на почетната од септември 2016 год.

Преку една седмица во месецот се собира отпад од пакување (картон, пет амбалажа, лименки и слично) од домаќинствата кои во изминатите години имаат добиено жолти канти.

Собраниот отпад се селектира, балира, складира и предава на овластен откупувач на отпад од пакување со кој ЈКП Дервен има склучено Договор за соработка.

**Во првите девет месеци од 2024 год.** предадени се **8,0 t отпад од пакување** (хартија, пет амбалажа и најлон), а собрано е и **48,3 t стакло**.

**II.2 Одделението Јавна хигиена во изминатиот период од 2024 год.**, своите задачи и обврски ги извршува согласно Програмата за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес за 2024 година, која е усвоена од страна на Советот на Општина Велес. За извршените активности согласно горенаведената програма ова одделение секојдневно изготвува дневни и месечни извештаи .

Со Програмата за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес за 2024 година дефинирани се следните работни задачи :

- Метење (рачно и машинско) и миење на јавно прометните површини во градот (улици, - тротоари,паркинзи, скалила и сл.);
- Чистење на крајбрежја ;
- Одржување на споменици и спомен обележја;
- Одржување на површини за одбележување на програмски активности од областа на културата;
- Рачно чистење на снег и мраз во зимски услови;
- Одржување на санитарни јазли ;
- Вонредно одржување.
- По налог на Општина Велес собрани се 200м$^3$, габаритен отпад,

Покрај горенаведените редовни активности, Одделението Јавна хигиена во склоп на Програмата за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес **2024 год.**
**ги изврши следните вонредни активности:**

- Чистење на дива депонија со утовар и транспор на ул.Благој Ѓорев-Багремче
- Чистење на атмосферски канал ,населба тунел( комунален отпад и габарит )
- Чистење на дива депонија на ул.Тодор Јанев( комунален отпад и габарит )
- Чистење на дива депонија на ул.Петре Прличков( комунален отпад и габарит )
- Чистење на дива депонија на ул.Костурска( комунален отпад и габарит )
- Чистење на дива депонија (лева и десна страна ,Штипски пат)( комунален отпад и габарит )
- Чистење на дива депонија на ул.Тодор Јанев( комунален отпад и габарит )
- Чистење на диви депонии и разновиден ком.отпад на влезовите на градот
- Чистење на дива депонија на ул. Бане Андреев- Ронката(комунален отпад и габарит)
- Чистење на дива депонија на кај Железен мост( комунален отпад и габарит )
- Чистење на дива депонија кај ординацијата Панче Васков и околу зградата(комунален отпад и габарит
- Чистење на дива депонија на игралиштето кај Потокот( комунален отпад и габарит )
- Чистење на дива депонија кај продавницата на ДМ и Сетек( комунален отпад и габарит )
- Чистење на дива депонија на ул. Благој Ѓорев кај стоковната куќа Бос и ул. Оливер Китановски ( комунален отпад и габарит )
- Чистење на дива депонија на ул. Благој Абрашев и ул. Трајко Панов (комунален отпад и габарит
- Чистење на дива депонија на ул. АСНОМ кај Топилница( комунален отпад и габарит )
- Чистење на дива депонија на ул. Димитар Влахов( комунален отпад и габарит )
- Чистење на дива депонија на ул. Вера Циривири( комунален отпад и габарит )
- Чистење на дива депонија на ул. Димитар Влахов на спој со ул. Орце Шутев(комунален отпад и габарит
- Чистење на дива депонија на ул. Љубен Весов, кај Оџакот( комунален отпад и габарит )
- Чистење на дива депонија на локацијата помеѓу стариот театар и мостот Гемиџии под бараките комунален отпад и габарит)
- Вонредно миење на ул. Васил Ѓоргов
- Вонредно чистење на наноси од земја и песок ,на шахти на ул.Архиепископ Михаил
- Вонредно чистење на наноси од земја и песок ,по главните улици
- Чистење на шахти и канали низ градско подрачје
- Вонредно чистење на наноси од земја и песок и миење на улиците ,после поројните дождови на територија на Општина Велес

За извршување на активностите Одделението Јавна хигиена е опремено со две цистерни и два трактора.

**II.3 Одделение Гробишта** - Во согласност со Законот за гробишта и погребални услуги, како и Одлуката за управување и одржување на градските гробишта бр. 07-5771/3 од 20.11.2008 година усвоена од страна на Советот на Општина Велес на 16.02.2011 година, ЈКП Дервен е назначен за Управител на гробиштата. По склучување на договор со операторите на погребални услуги, ЈКП Дервен ја прекина дејноста „вршење на погребални услуги".

Во овој период завршено е евидентирањето на гробните места.
Тековно ќе се евидентираат носителите по потреба.

На новите градски гробишта бројот на гробни места е 1.941 со 1.804 носители на гробни места, на црква Св.Спас број на гробни места е 6.934 со 3.711 носители и црква Св.Пантелејмон гробни места 4.339 и носители 2.309

**Во изминатиот период од 2024 год**. на новите градски гробишта продадени се вкупно **58** гробни места.

На трите локации на Градските гробишта се вршии редовно чистење на патеките од неорганизирано зеленило и комунален отпад, отпадот од корпите се собира два пати седмично,а гробиштата се чистеа темелно пред верските празници.

**Во изминатиот период од 2024 год**. извршени се вкупно **385** погреби, од кои погреби на гробиштата кај црквата Св.Пантелејмон **119** гробиштата кај црквата Св.Спас **138** и **128** погреби на Новите градски гробишта. Издадени се **442** одобренија за погреб на ниво на Општина Велес.

**Ване Велиновски - Раководител на Сектор Комунална хигиена**

## III. Сектор Паркови и зеленило

Основни дејности на овој Сектор се :

- Уредување и одржување на зеленилото на парковските површини;
- Уредување и одржување на зеленилото на скверовите во централното градско подрачје ;
- Уредување и одржување на зеленилото на скверовите во споредни улици;
- Одржување на зеленилото на влезовите во град Велес;
- Одржување и заштита на дрворедите по парковите и главните улици во градот;
- Уредување, озеленување и одржување на жардињерите низ градот;
- Уредување и одржување на цветните површини во градот;
- Поставување и одржување на системи за наводнување на зелените површини;
- Подигнување на нови зелени површини и обновување на постоечките;
- Изработка и поставување на парковски елементи на парковските површини.

Секторот **Паркови и зеленило** своите активности ги насочува воглавно кон извршување на работните задачи согласно "Програмата за уредување и одржување на градското зеленило на територијата на Општина Велес"и "Програмата за реконструкција и подигнување на нови зелени површини на територијата на Општина Велес", кои ги изготвува Општина Велес и ги усвојува Советот на Општина Велес.

**Во склоп со овие Програми, Секторот изготвува и :**

- Дневни, месечни и годишни извештаи за завршените активности кои ги доставува до Општина Велес;
- Пресметки, планови и нацрти за хортикултурно уредување на улици, скверови и паркови;
- Пресметки за извршени вонредни активности по налог на Општина Велес;
- Спецификации за тендерска документација од стручен аспект за потребите на Секторот и за потребите на Општина Велес;
- Записници и нарачки за саден и цветен материјал кои ги доставува до Општина Велес.

Вкупните зелени површини кои ги одржуваше овој Сектор во **првите 9 месеци од 2024 година** изнесуваат **375.130 м$^2$** и тоа:

- Парковски површини ...... 209.312 м²
- Зелени површини во централно градско подрачје ...... 27.660 м²
- Зелени површини по улици и скверови ...... 66.931 м²
- Одржување зеленило во селата ...... 47.427 м²
- Влезови во град ....... 23.800 м²

**Секторот Паркови и зеленило е организиран во соодветни одделенија:**

- **Одделение за одржување на зеленило и постапување со деградирани дрвја**
- **Одделение за подигнување на парковски површини и изработка на парковски елементи**

**III.1 Одделението за одржување на зеленило и постапување со деградирани дрвја** ги спроведува сите работни операции за успешно одржување на јавните зелените површини предвидени со Програмата за редовно уредување и одржување, ги реализира сите вонредни активности по налог на Општината и соодветно постапува по издадени решенија за постапување со деградирани дрвја.

**Во изминатиот период** Одделението, согласно Програмата за редовно и вонредно одржување на јавни зелени површини, ги изврши и следните активности:

- Демонтажа на новогодишни елементи
- Кроење на зимзелени и цветни грмушки на сите зелени површини во градот;
- Одржување на зеленилото на терените, атлетската патека и трибините на градските стадиони, помошните игралишта во Градскиот парк и спортска сала „Гемиџии";
- Учество со транспорт и работници при отстранување на стари деградирани дрвја од сите јавни површини низ градот;
- Интервентно постапување во ситуации на паднати, откорнати или скршени дрвја при неповолни временски услови на повеќе локации;
- Расчистување на смет и неорганизирано зеленило покрај пешачка патека и крајбрежен појас на езеро Младост,
- Кроење ниски гранки – Парк Автобуска
- Постапување по Решенија–Одобренија издадени од Комисијата за процена на состојбата на оштетените дрвја, со кроење на гранки и сечење на оштетени дрвја на повеќе локации низ градот.
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.Рилски Конгрес
- Расчистување на неорганизирано зеленило на спој на ул.Киро Ќучук и Беелградска
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.Тодор Јанев
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.Оливер Китановски
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.Индустриска
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.Пајак Планина
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.Живко Фирфов
- Расчистување на неорганизирано зеленило на спој на ул. Борис Трајковски и ул.Кумановска
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.М.А.Ченто
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.Васил Иљовски
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.Борис Карпузов
- Поправка на системи за наводнување на сите зелени површини во градот
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.Партизанска
- Поправка на системи за наводнување – на сите локации низ градот
- Повеќекратно расчистување на неорганизирано зеленило – Ј.Х.К. Џинот
- Поставување цветни жардењери – за потребите на Вардарски плански регион
- Расчистување на неорганизирано зеленило – ул. Орце Мартинов
- Расчистување на неорганизирано зеленило – Поранешен хотел Вила Зора
- Расчистување на неорганизирано зеленило – ул. Милан Страчков
- Кастрење гранки кои попречуваат на видливоста на сообраќајните знаци – Ул. АСНОМ и ул.Индустриска
- Отстранување реклами од канделабри на повеќе локации во градот
- Расчистување на неорганизирано зеленило на с.Раштани
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.А.Демниевски
- Повеќекратно косење на фудбалско игралиште во Башино село
- Расчистување на неорганизирано зеленило на Кеј на р.Вардар за изведба на градежни активности

- Расчистување на неорганизирано зеленило на спој на ул. Киро Ќучук и ул.Белградска
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул. Мирко Грков, нас.Превалец
- Расчистување на неорганизирано зеленило на езеро Младост за потреби на манифестација Мото трка
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул. Невена Ѓорѓиева Дуња и згради Хабитат
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул. Крсте Мисирков 8/1
- Расчистување на неорганизирано зеленило во дворот на куќата на Касапови
- Расчистување на неорганизирано зеленило околу детско игралиште нас.Дворови
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул. Тодор Јанев
- Расчистување на неорганизирано зеленило на Спомен Костурница
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул. Димко Најдов
- Расчистување на неорганизирано зеленило на Кеј на р.Вардар за потребите на кајакарското друштво
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул. Живко Фирфов
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.Никола Карев
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.М.А.Ченто
- Расчистување на неорганизирано зеленило во дворно место на Центар за лица со посебни потреби
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.Вардарска
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.Браќа Капчеви
- Кастрење на гранки од дрвореди заради непречено одвивање на градежни активности на ул.Димитар Влахов
- Кастрење на гранки од дрвореди заради непречено одвивање на градежни активности на ул.Алексо Демниевски
- Расчистување на неорганизирано зеленило на локален пат кон с.Ораовец
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.Ѓоре Органџиев
- Расчистување на неорганизирано зеленило околу објекти на Граѓански сервис – Општина
- Расчистување на неорганизирано зеленило околу здравствена амбуланта Панче Васков
- Расчистување на неорганизирано зеленило – сквер Соколаана
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.Васил Ѓоргов
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул. Петре Прличко – Стар театар
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.Кумановска
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул Тодор Јанев
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул Борис Карпузов
- Расчистување на неорганизирано зеленило во дворно место на куќата на Касапови
- Расчистување на неорганизирано зеленило на локален пат до с.Раштани
- Расчистување на неорганизирано зеленило на ул.Димитрија Чуповски
- Расчистување на неорганизирано зеленило околу Здравен дом – Уред
- Расчистување на неорганизирано зеленило по локален пат од с.Дурутовец до с.Челошево
- Кастрење на ниски гранки во центарот на Башино село
- Кастрење на ниски гранки на ул.Страшо Пинџур
- Кастрење на ниски гранки на ул.Панко Брашнаров
- Кастрење на ниски гранки на ул.Благој Ѓорев
- Кастрење на ниски гранки на нови гробишта Раштани
- Кастрење на дрвја на ул. Алексо Демниевски Бауман
- Кастрење на дрвја во школски двор на ООУ Васил Главинов
- Поставување и промена на знамиња на јарболи и канделабри на повеќе локации во градот
- Поставување знамиња и банери и кроење ниски гранки за потребите на Интернационалниот Фолклорен Фестивал

**III.2 Одделението за подигнување на парковски површини и изработка на парковски елементи,** во согласност со Програмата за реконструкција и подигнување на нови зелени површини, планира, проектира,пресметува и изготвува идејни решенија за подигање на нови и реконструкција на стари зелени површини со комплетна реорганизација на просторот и ги реализира истите.

Изработува и парковски елементи кои ги поставува во новите зелени површини, а се грижи и за нивна реконструкција. Одделението за подигнување на парковски површини и изработка на парковски елементи, во 2024 година реализираше :

- Довршување на активности на новоподигнати зелени површини – дворно место на поранешен хотел Вила Зора
- Подигнување нова зелена површина – Кружен тек - Центар, со дотур на земја, грубо и фино планирање на површината, поставување систем за наводнување, поставување жардињери, садење цветен расад и сеење на трева.
- Садење на 20 зимзелени садници, 20 листопадни садници и 10 ползавци на Денот на пролетта во Градски парк и Младински парк
- Подигнување нова зелена површина – Парк под Железен мост, со дотур на земја, грубо и фино планирање на површината, поставување систем за наводнување, садење на 8 листопадни садници и 30 зимзелени садници и сеење на трева.
- Поставување на 3 жардињери со листопадни садници на плочник пред театарот
- Поставување на 3 жардињери со листопадни садници на плочник пред влезот на Градски пазар
- Поставување на 13 жардињери со зимзелени садници на плочник пред Ве Мол
- Поставување на 4 жардињери со зимзелени садници кај ТППЕ
- Монтажа на 128 жардињери на канделабри и 110 жардињери на ограда со цветен расад на ул.Димитар Влахов
- Хортикултурно уредување на зелена површина на ул. Борис Трајковски со дотур на земја, грубо и фино планирање на површината, поставување систем за наводнување, садење 8 зимзелени садници и сеење на трева.
- Монтажа на 45 жардињери со цветен расад на ул.Димитар Влахов
- Монтажа на 21 жардињери со цветен расад на ул.Алексо Демниевски
- Монтажа на 9 жардињери со цветен расад на ул.Благој Ѓорев
- Поставување на 7 жардињери со зимзелени садници на ул.Страшо Пинџур
- Поставување на 4 жардињери со зимзелени садници на ул.Благој Ѓорев – нас.Тунел
- Хортикултурно уредување на зелена површина на ул. Благој Ѓорев – Вел Сити со поставување систем за наводнување и садење и монтажа на 16 жардињери на цветни конструкции.
- Хортикултурно уредување на зелена површина на ул. Благој Ѓорев – сквер Панко Брашнар со поставување систем за наводнување и садење и монтажа на 5 жардињери на цветни конструкции.

Податоците за физичкиот обем на производство и услуги на Сектор Паркови и зеленило за првите девет месеци од 2024 год., прикажани се во Преглед бр.1, а обемот на планираните и остварени финансиски резултати во Преглед бр. 2, 3 и 4 од овој извештај.

**Татјана Петровска - Раководител на Сектор Паркови и зеленило**

## IV. Сектор Заеднички служби

Заедничките служби редовно ги вршат работите предвидени со Закон и Актите на претпријатието. Во рамките на овие служби влегуваат:

- Правно одделение
- Сметководствено одделение
- Комерцијално одделение
- Одделение за јавни набавки
- Одделение за човечки ресурси

**Во првите девет месеци од 2024 година ,**

- Одржани се 11 седници на Управниот одбор и 3 седници на Надзорниот одбор на претпријатието;
- Спроведени се 40 постапки за јавни набавки согласно Планот за јавни набавки на претпријатието;
- Редовно се исплаќаа платите и придонесите за вработените и се подмируваа обврските спрема добавувачите според доспеаност за исплата;
- Во извештајниот период се поднесени **1202** тужби спрема физички лица и 30 тужби спрема правни лица;
- Реоните во општина Велес се делат на 10 градски и 15 селски реони. Бројот на месечно обработени сметки, заклучно **30.09.2024 год.** изнесува **18.605 сметки.**

ЈКП Дервен **во првите девет месеци од 2024 год.,** ја извршуваше работата со вкупен број од **301,** работници, кои се прикажани во табеларен дел по квалификации и сектори.

**Во прилог табела :**

| Квали-фикација | Сектор Водовод | Сектор Комунална Хигиена | Сектор Паркови | Одд.за Планир., инвести. и развој | Одделение Пазари | Одделение Ревизија | Сектор Заед. служби | ЈКП ДЕРВЕН |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВСС | 6 | 4 | 4 | 0 | 1 | 1 | 17 | **33** |
| ВШС | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | **2** |
| ССС | 37 | 27 | 5 | 12 | 7 | 0 | 44 | **132** |
| ОСНОВНО | 26 | 69 | 30 | 2 | 3 | 0 | 4 | **134** |
| **ВК :** | **69** | **101** | **39** | **15** | **11** | **1** | **65** | **301** |

**Сања Танева – Раководител на Сектор Заеднички служби**

## V. Одделение Пазари

Одделението Пазари при ЈКП „Дервен" - Велес врши управување и одржување на пазарите на мало во град Велес на следните локации:

- Градски пазар, и
- Покриен пазар во Нова населба.

Одделението Пазари својата работна ангажираност ја остварува преку обезбедување на услуги спрема корисниците на пазарите, за што располага со следниот продажен простор и опрема :

- Продажен откриен простор........................................................................ 3520 м2
- Продажен покриен простор (Пазар Нова Населба)....................................687 м2
- Деловен простор – дуќани.............................................................................776 м2
- Деловен простор – канцеларии....................................................................... 74 м2
- Продажен простор за камиони......................................................................700 м2
- Метални тезги (стари)....................................................................................... 150 тезги
- Метлни Тезги (нови ) ..........................................................................................160 тезги
- Ваги за мерење, комплет со тегови.................................................................. 44 броја
- Голема вага ......................................................................................................... 1 број

Во изминатиот период од 9 месеци одделението пазари во целост ги почитуваше и извршуваше сите зададени и утврдени работни активности.

Поставени се клупи со жардињери пред главниот влез со што овозможуваме подобри услови за купувачите на пазарот.Во време на летниот период секоја среда и сабота се извршува перење и темелно чистење на пазарот со што се грижиме хигиената да биде на солидно ниво.

Со асфатирањето на паркингот кај "Нептун" и паркингот над градскиот пазар се овозможи одличен услов за паркирње на автомобили на потрошувачите а истовремено се намали гужвата на непрописно паркираните автомобили,што преставуавше голем проблем при пристигнување на купувачите и продавачите.

- Раководител на сектор ПАЗАРИ

## VI. Одделение за планирање, инвестиции и развој

Одделението за планирање, инвестиции и развој функционира како техничко административно и извршно одделение. Во ова одделение има два извршни оддела:

- Оддел за градежништво и
- Оддел за машинобраварски работи

Работните активности на Одделението за планирање, инвестиции и развој се насочени кон соработка и координација на работите и потребите во секторите и одделенијата на претпријатието и извршува работи по налог на општината.

Техничко-административниот дел на одделението работи на изготвување на проекти, изработува хидротехнички услови и издава мислења за одобрение за градба, технички решенија за одржување на објектите и опремата на претпријатието и за потребите на општината по претходен налог.

Изработува и имплементира проекти, техничка документација и инвестициони предвидувања за осовременување и развој на претпријатието во однос на изградба на потребни инфраструктурни и административни објекти како и примена на современа машинска, електро, информатичка и друга опрема со што би се подобриле услугите што ги врши претпријатието кон корисниците, односно ги врши следните работи:

- Изготвува тендерска документација од стручен аспект за набавка на градежни работи, градежни материјали, електро-машинска опрема, автоделови, водоводни и канализациони материјали, опрема за СКАДА системот, компјутерска опрема и др.;
- Учествува во организирање и имплементација на СКАДА системот ;,
- Води катастар на водоводните и канализациони линии применувајки го ГИС системот (гео-информациски систем).
- Изготвува согласности со вцртување на водоводни и канализациони линии на ситуации по барање на странките при изградба на објекти и при изработка на урбанистички планови;
- Изработува основни проекти, врши надзор и директно учествува во работите за реконструкција и изградба на водоводни и канализациони линии, реконструкција на постоечки и изградба на нови објекти за претпријатието и сл.;
- Изработува Хидротехнички услови и дава мислење на Основни проекти за инфраструктурни објекти изработени и финансирани од страна на Општина Велес.
- Изработува Хидротехнички услови и дава мислење на Основни проекти за станбени објекти за сите правни и физички лица на Е-градежна дозвола .
- Изготвува предмер-пресметки, односно изготвува инвестиционен план за одржување и осовременување на објектите и опремата на претпријатието;
- Изготвува нивелации за новите градски гробишта и ја планира изградбата и развојот на истите.
- Изготвува барања и технички решенија за прекопи на улиците за приклучните линии за потребите на Сектор водовод ,ги доставува до локалната самоуправа на Општина Велес и прави увид на лице место за истите.

Во извештајниот период **Техничко-административниот дел** од Одделението за Планирање, инвестиции и развој ги изврши следните позначајни активности :

- Издавање на хидротехнички услови за правни и физички лица ........ **10**
- Мислења за Основен проект согласно Законот за градење .............**52**

**VI.1 Одделот за градежништво** во овој период од 2024 год. работеше градежни работи за потребите на секторите, за одржување на објектите со кои управува претпријатието и градежни работи по налог на општината.

Во првите девет месеци од 2024 год. оделот градежништво за потребите на претпријатието ги изведе следните активности:

- Бетонирање на улици по дефекти .............. 545 $м^2$
- Редење на камени коцки .............. 24 $м^2$
- Редење на бехатон коцки .............. 115 $м^2$

- Градежната група изведбата на уредување на жардењерии околу дрвата со декоретивни бели камења
- Изведба на шахти за редовно одржување на водовод и канализација.Поради дефект на водоводни линии се изведуваа потпорни ѕидови на улица, се бетонира оштетените делови од дефектите на улица.
- Граджниот оддел редовно изведува тековни активности за сите потреби на претпријатието во изминатиот период се изврши санирање на просториите во кругот на магацин,
- На ул.Благој Ѓорев за Сектор паркови се изведуваа жардењери со украсни декоративни цигли за уредување на просторот на зелените површини исто така се уредуваше и на ул.Борис Трајковски со изведба на две жардењерии.

**VI.2 Одделот за машинобраварски работи**

За потребите на претпријатието овој оддел ги изврши следните работни активности:

- **Во изминатиот период од 2024 год.** овој оддел изработи четири нови контејнери од по 5 $м^3$ за потребите на Сектор Комунална хигиена .

**По налог на Општина Велес Одделот за машинобраварски работи ги изврши следните активности:**

- По налог на Општина Велес изработен е ракофат и поставен е на улица Маца Овчарова
- По Налог на Општина Велес по изведбата на градежните работи на улицата Јовче Ќуќук поставен е нов ракофат со должина од 14 м,
- По Налог на Општина Велес за заштита поставена е ограда на ул. Јордан Џурнов должина од 82м со бетонирање на истата ,
- По налог на Општина Велес изведени се две клупи и поставени се на ул. Борис Трајковски бр.10
- По налог на Општина Велес извршена е поправка на урбана опрема во паркот во Официрски дом,
- По налог на Општина Велес поставени се сообраќајни знаци на одредени локации
- По налог на Општина Велес извршена е поправка на лим на пропустот –преминот под пруга кај спортската сала
- По налог на Општина Велес на ул Димитар Влахов и дел од ул.Илинденска поставена е украсна ограда , по демонтажа на старата ,
- По налог на Општина Велес поставени се 4 нови клупи пред споменикот на Панко Брашнар,
- По налог на Општина Велес ,изработени се и поставени метални столбчиња на стазата за трчање во Дворови од страната на реката Вардар,
- По налог на Општина Велес изработена е метална масичка за летниковец на ул.Љубљанска спрема манастирчето Света Петка,
- По налог на Општина Велес ,демонтиран е оштетен јарбол кај кружен тек на влез во Велес,
- По налог на Општина Велес санирана е атмосферска решетка на ул. Благој Ѓорев,
- По налог на Општина Велес се набави материјал за изработка на држачи украсни за жардињери во облик на прашалник и поставени се на ул.Благој Ѓорев на потек Вел Сити и кај споменикот Панко Брашнар.

Покрај наведените работи, Одделот за машинобраварски работи врши и редовни поправки на контејнери за отпад, возила, приколки од возила, машини, огради на објекти, капаци за водоводни и канализациони шахти и др.

**Родна Јанева - Раководител на Одделение за планирање, инвестиции и развој**

# ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

**Вкупниот приход** на претпријатието во првите девет месеци од 2024 год. изнесува **203.292.235,00** ден. и истиот е постигнат со извршување на основните дејности и останатите приходи. Структурата на остварените приходи е прикажана во Преглед бр. 2 , 3 и 4.
Во овој период, приходот кој го оствари **Сектор Водовод** изнесува **87.381.034,00 ден.**, од кои од продажба на вода и услуги има остварено приход во износ од **78.867.442,00 ден,** а од одведување на отпадни води и услуги во износ од **8.513.592,00 ден.** ***Се забележува зголемен приход во споредба со истиот период од минатата година и покрај тоа што сеуште се во примена тарифите од минатиот тригодишен планиран период. Претпријатието има добиено Решение од РКЕВУ за нови тарифи кои сеуште не се применуваат.***

**Секторот Комунална хигиена** оствари најголем вкупен приход од **92.092.246,00 ден.** од што Одделението за износ на смет оствари приход од **73.981.868,00 ден**. додека Одделението Јавна комунална хигиена оствари приход од 8**.266.767,00 ден.** во овој период. Приходите од Одделението Гробишта изнесуваат **9.843.611,00 ден.** Зголемениот приход на овој Сектор се должи на покачените тарифи за износ на смет за сите категории и по сите основи. Што се однесува за прихододт од одржување на ЈКХ, во извештајниот период е на пониско ниво во однос на планот за 2024 заради неизвршување на услугата перење на улици во зимски услови. Програмата на ЕЛС за одржување на ЈКХ е идентична како и во изминатите години.

**Секторот Паркови и зеленило** оствари вкупен приход **15.557.802,00 ден.**од реализација на Програмите на Општина Велес за одржување и подигнување на градско зеленило. **Дополнителен приход Секторот оствари како резултат на ангажирањето по налог на општина Велес за новогодишните празници. Планираните средства од ЕЛС за реализација на активности по основ на двете програми, остануваат непроменети како и во изминатите години.**

**Одделението Пазари** оствари вкупен приход од **4.372.659,00ден**.од кои **1.855.288,00 ден**. од **пазаришна** такса, **1.489.178,00 ден**. од **резервации** и **1.028.193,00 ден**. од **кирии.**

**Одделението за Планирање, инвестиции и развој** во првото полугодие од 2024 год. Оствари вкупен приход од **723.067,00.** ***Приходот зависи од бројот и обемот на работни налози кои општина Велес ги дава на ЈКП Дервен за градежни и браварски работи за нејзини потреби.***

Во овој период, остварени се **други приходи** од камати, приходи од наплатени судски трошоци од сметки за вода и приходи од надомест на штети од осигурителни компании во износ од **3.165.427,00 ден.**

Во првите девет месеци од 2024 год. за извршените работи направени се **трошоци** од **230.716.011 ,00 ден.** Структурата на расходите е прикажана во **Преглед бр.3 и 4.**

**Трошоците направени за набавка на суровини и материјали** изнесуваат **8.657.211,00ден.** Овие трошоци се резултат на активности при реконструкција на водоводната и канализационата мрежа и тековното одржување на истата, како и потрошените материјали за преработка на водата, потрошените материјали за браварската и градежната група, канцелариски материјали и останатите материјални трошоци за секторите во претпријатието.

**За електрична енергија** потрошени се **7.868.406,00 ден.** Потрошувачката на електрична енергија зависи од начинот на водоснабдување, како и од цената на електричната енергија постигната со постапката за јавна набавка.

**За гориво и мазиво** направени се трошоци во износ од **6.931.146,00ден**., што е резултат на постојано менување на цените на горивата и мазивата кои што ги утврдува Регулаторната комисија за цени и обемот на работа за извршување на комуналните услуги во градот.

**Потрошени резервни делови**. **Во овој период од 2024 год.**, за одржување на возилата, земјоделската и градежна механизација и друга опрема, направени се трошоци во износ од **2.176.269,00 ден**. Овие трошоци по оваа ставка се резултат на староста на возилата во возниот парк.

**За ситен инвентар** и лична и колективна заштитна опрема потрошени се **545.788,00ден.**

**Трошоците за поштенски услуги** во извештајниот период изнесуваат **870.629,00 ден.** а се состојат од трошоци за поштарина и телекомуникациски услуги и интернет.

**За набавка на сурова вода** во изминатите девет месеци од 2024 год, **од ХС „Лисиче"** направени се трошоци во износ од **19.591.040,00 ден.** ***Почнувајќи од м. 01/2024 год., ЈПВ лисиче фактурира по нова, повисока тарифа за суровата вода што ја испорачува, а согласно Решение на РКЕВУ и одлука на Влада.***

**За производни услуги од други** направени се трошоци од **26.314.437,00 ден.** Најголем дел од овие трошоци се направени за одржување и поправка на опремата на фабриката за преработка на вода, поправка на возила и други основни средства, градежни работи, трошоци за анализи за

исправност на водата, трошоци за плата на ангажирани работници преку агенција за привремено вработување, печатарски услуги исл. Во овие трошоци влегуваат и други услуги, патарини и технички прегледи, услуги кои други претпријатија ги вршат за ЈКП Дервен, како што се услуги за одржување на софтвер, графички услуги, санитарни прегледи и сл.

**Трошоците за амортизација** во извештајниот период изнесуваат **21.018.854,00 ден.** Намалена е во однос претходните година поради тоа што во текот на 2023 не се превзема ниту една водоводна или канализациона мрежа од ЕЛС Велес, а набавките на основни средства се случија кон крајот на годината. Основнин средства набавени во 2023: 4(четири) товарни возила пик-ап за потребите на секторите, 2 (две) рачни метларки, донација од општина Велес, реконструкција на водоводни линии и др.

**Трошоците за надоместоци на вработени** се во висина од **4.728.415,00 денари.**

Во овој период имаме исплатено солидарна помош за 2 вработен, технолошки вишок за 3 вработени и една половина од износот за Регрес за годишен одмор (К-15)

**Трошоците за репрезентација,спонзорства и реклама** во висина од **648.571,00 ден.** содржат трошоци за огласување во печатени и електронски медиуми, реклама, спонзорства и претплата за весници и стручни списанија, трошоци за исхрана на вработените и репрезентација.

**Премијата за осигурување** изнесува **1.672.014,00 ден.** и најмногу зависи од Договорите склучени со осигурителните компании врз основа на спроведена јавна набавка.

**Трошоците за даноци и придонеси** во висина од **537.286,00 ден.** вклучуваат персонален данок, данок на имот, стопанска комора.

**Надоместот на трошоци за платен промет** изнесува **232.689,00 денари.**

**Судските и други трошоци** се во висина од **3.559.832,00ден.** и вклучуваат **трошоци за интелектуални услуги** (нотарски, адвокатски и извршни) и судски такси, **административни такси и семинари** (централен регистар, катастарски услуги, сообраќајни дозволи и посета на семинари), **други нематеријални трошоци**, трошоци за одржување на авто кампот „Андон Дуков“ во Охрид, комунални услуги, трошоци за одржување на хигиена во просториите, трошоци за рекреација на вработените и членарини, **надомест за члeновите на Надзорен и Управен одбор и надомест на штети.**

**Отпис на побарувања** – во овој период нема трошоци од стечај и ликвидација и трошоци кои произлегуваат од отпишување на утужени побарувања во тековниот период врз основа на судска пресуда.

**Трошоците за бруто плата во изминатиот период за 2024 год.** изнесуваат **124.962.215,00ден.**

**Трошоците за договорни камати од кредитни односи во овој период од 2024** год. изнесуваат **401.209,00 ден.**

Физичките лица своите сметки ги уплатуваат на шалтерите во пошта, деловните банки во градот, од месец Август 2018 година воведен е е-наплата (електронски систем за наплата на сметки) преку интернет и на шалтер во дирекцијата на претпријатието преку благајна и ПОС терминали секој работен ден. Склучени се договори со деловните банки за наплата на сметки на шалтер, преку е-банкарство и воспоставување на траен налог. Наплатата од правните лица се врши преку доставување на фактури и уплата на истите жирално во комерцијалните банки.

Претпријатието обврските по основ на плати и придонеси и другите надоместоци редовно ги подмирува, а исто така платени се и обврските спрема државата по основ на ДДВ и персонален данок.

За подобрување на наплатата се практикува на секоја месечна доставена сметка кај приватните лица да се внесе податок колку сметки не се подмирени и во кој износ, како еден вид потсетување. На секои три месеци преку инкасантите се доставуваат опомени за заостанатите неплатени сметки. Корисниците кои и покрај опомените не си ги подмируваат обврските се утужуваат во надлежниот суд и на нотар.

Со вкупно остварените приходи од **203.292.235,00 ден.** и направените трошоци во износ од **230.716.011,00 ден. Во првите девет месеци од 2024 год.** остварена е **загуба од работењето** во износ од **27.423.776,00 ден.**

**Инвестициски активности**
**Сектор Водовод и канализација - инвестиции во градежни работи:**

Сектор Водовод и канализација **во првите девет месеци од 2024 год. изгради** **710 м'** нови водоводни линии, **а се реконструираа** **1093 м'** водоводни линии кои се прикажани во следната табела:

| Ред.бр. | Улица | Профил (мм) | Должина (м') |
|---|---|---|---|
| | **Нови изведени линии** | | |
| 1 | Бела вода – езеро саталитска населба | Ø 50 | **40** |
| 2 | Отовица | Ø 50 | 100 |
| 3 | Трпезица | Ø 90<br>Ø 50 | 45<br>250 |
| 4 | Бела вода – езеро саталитска населба | Ø 110 | 30 |
| 5 | Населба Превалец – ново игралиште | Ø 63 | 45 |
| 6 | Трпезица | Ø63 | 200 |
| **Вкупно нови изведени линии :** | | | **L= 710 м'** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Реконструкција на застарени водоводни линии** | | |
| 1 | Стефан Димитров<br>Приклучни линии | Ø 50<br>Ø 32 | 120<br>75 |
| 2 | Камка Тоцинова | Ø 50 | 75 |
| 3 | Благој Ѓорев | Ø 110<br>Ø 25 | 17<br>20 |
| 4 | Комплекс УЗУС | Ø 63<br>Ø 32 | 60<br>20 |
| 5 | Кирил Пејчиновиќ | Ø 160<br>Ø 63<br>Ø 40<br>Ø 32 | 93<br>95<br>11<br>127 |
| 6 | 11-Октоври | Ø 63 | 25 |
| 7 | Љубљанска | Ø160<br>Ø90<br>Ø63<br>Ø32 | 50<br>30<br>20<br>155 |
| 8 | Јане Сандански | Ø32<br>Ø50 | 40<br>30 |
| 9 | Никола Карев | Ø63 | 30 |
| **Вкупно реконструирани водоводни линии :** | | | **L= 1093 м'** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Реконструкција на застарени канализациони линии** | | |
| 1 | Андон Ќосето | Ø 125 | 60 |
| 2 | Роса Плавева | Ø 150 | 20 |
| 3 | Мирче Ацев | **Ø 250** | 50 |
| 4 | | | |
| Вкупно реконструирани канализациони линии | | | **130** |
| Нови канализации линии | | | |
| | | | |
| 1 | Бела вода – езеро саталитска населба | **Ø 200** | **70** |
| 2 | | | |

**Родна Јанева - Раководител на Сектор Водовод и канализација**

**Техничка обработка,**
**гр.тех.Емилија Нецинова** ________________

**ЈКП Дервен- Велес**

**Преглед бр.1**

# П Р Е Г Л Е Д

## На физичкиот обем на производство и услуги за период од I –IX месец 2024 год.

| Ред бр. | Вид на производ | Ед. мера | План за 2024 | Остварено 2023 | Остварено 2024 | Индекс 6:4 | Индекс 6:5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1. | **Произведено вода за пиење** | м$^{3}$ | 5,351,900 | **4.145.208** | 4.198.080 | 78 | 101 |
| 2. | **Продадена вода за пиење** | м$^{3}$ | 2,517,022 | **1.789.694** | **1.839.866** | 73 | 103 |
| | а) Претпријатија | " | 399,112 | 301.398 | 343.315 | 86 | 114 |
| | б) Домаќинства | " | 2,117,911 | 1.488.296 | 1.496.551 | 71 | 101 |
| 3. | Неприходовна вода – Наменски потрошена | м$^{3}$ | **2.834.878** | **46.734** | **53.000** | 2 | 113 |
| | Неприходовна вода – Технички загуби | | | **2.308.852** | **2.305.181** | | 100 |
| 4. | **Одведување на вода со канал** | м$^{3}$ | 2,217,359 | **1.596.461** | **1.571.620** | 71 | 98 |
| | а) Претпријатија | " | 337,219 | 266.436 | 277.286 | 82 | 104 |
| | б) Домаќинства | " | 1,880,140 | 1.303.025 | 1.294.334 | 69 | 99 |
| 5. | **Замена на водомери** | **бр.** | 400 | **262** | **144** | 36 | 55 |
| 6. | **Изнесување на деп.смет** | м$^{2}$ | 37,600,000 | **28.000.319** | **28.306.686** | 75 | 101 |
| | а) Претпријатија покриен простор | м$^{2}$ | 2,800,000 | 2.096.581 | 1.738.092 | 62 | 83 |
| | б) Претпријатија дворно место | м$^{2}$ | 5,400,000 | 3.998.518 | 12.486.289 | 231 | 312 |
| | в) Индустрија | м$^{3}$ | 17,000 | **10.743** | 9.881 | 58 | 92 |
| | г) Домаќинства покриен простор | м$^{2}$ | 15,100,000 | 11.265.426 | 10.638.105 | 22 | 29 |
| | д) Домаќинства дворно место | м$^{2}$ | 14,300,000 | 10.639.794 | 10.778.262 | 75 | 101 |
| 7. | **Собран отпад од пакување** | Тон | 50 | 10,0 | **8,0** | | |
| 8. | **Одржување на ЈПП во градот** | м$^{2}$ | 19,140,603 | **12.822.425** | **13.213.496** | 69 | 103 |
| | - метење и зимско одржување | м$^{2}$ | 11,244,571 | 7.511.333 | 7.516.796 | 67 | 100 |
| | - перење | м$^{2}$ | 7,896,032 | 5.311.092 | 5.696.700 | 72 | 107 |
| 9. | **Одржување на зелени површини** | м$^{2}$ | 375,130 | **371.065** | 375.130 | 100 | 101 |

**ЈКП Дервен- Велес**

**Преглед бр.2**

## П Р Е Г Л Е Д
На приходи по места и видови за период од **I – IX месец 2024 год.**

| Вид на приходи | План за 2024 | Остварено 2023 | Остварено 2024 | Индекс 4:2 | Индекс 4:3 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Вкупно :** | 277,104,374 | **185.527.144** | **203.292.235** | **73** | **110** |
| **Сектор "Водовод"** | 126,361,054 | **81.714.254** | **87.381.034** | **69** | **107** |
| **1. Водовод** | 114,013,021 | **73.282.645** | **78.867.442** | **69** | **108** |
| а) Претпријатија | 28,053,582 | 18.818.257 | 22.093.764 | **79** | **117** |
| б) Домаќинства | 80,459,439 | 50.239.634 | 53.454.325 | **66** | **106** |
| в) Услуги | 5,500,000 | 4.224.754 | 3.319.353 | **60** | **79** |
| **2. Канализација** | 12,348,032 | **8.431.609** | **8.513.592** | **69** | **101** |
| а) Претпријатија | 2,407,744 | 1.848.333 | 1.912.885 | **79** | **103** |
| б) Домаќинства | 9,250,289 | 6.072.896 | 6.192.335 | **67** | **102** |
| в) Услуги | 690,000 | 510.380 | 408.372 | **59** | **80** |
| **Сектор "Комунална хигиена"** | 116,400,000 | **83.627.865** | **92.092.246** | **79** | **110** |
| **1. Одделение за износ на смет** | 89,600,000 | **65.539.308** | **73.981.868** | **83** | **113** |
| а) Претпријатија покриен простор | 20,100,000 | 18.563.225 | 15.805.240 | **79** | **85** |
| б) Претпријатија дворно место | 5,900,000 | 5.318.048 | 4.507.113 | **76** | **85** |
| в) Исфрлање смет $м^3$ | 8,500,000 | 5.993.349 | 10.194.722 | **120** | **170** |
| г) Домаќинства покриен простор | 48,500,000 | 31.618.411 | 38.928.509 | **80** | **123** |
| д) Домаќинства дворно место | 6,300,000 | 3.860.974 | 4.397.409 | **70** | **114** |
| ѓ) Приход од отпад од пакување | 300,000 | 185.301 | 148.875 | **50** | **80** |
| **2. Одделение Јавна комунална хигиена** | 13,400,000 | 7.953.486 | 8.266.767 | **62** | **104** |
| Одржување на ЈКХ | 13,400,000 | 7.953.486 | 8.266.767 | **62** | **104** |
| **3. Одделение Гробишта** | 13,400,000 | **10.135.071** | **9.843.611** | **73** | **97** |
| а) Погребална услуга | 2,900,000 | 2.147.978 | 2.097.171 | **72** | **98** |
| б) Продажба на гробни места | 1,400,000 | 1.285.600 | 1.046.600 | **75** | **81** |
| в) Одржување на гробишта - гробарина | 9,100,000 | 6.701.493 | 6.699.840 | **74** | **100** |
| **Сектор "Паркови и зеленило"** | 18,403,320 | **11.736.355** | **15.557.802** | **85** | **133** |
| а) Одржување на градско зеленило Програма на ЛС | 16,103,320 | 11.736.355 | 15.557.802 | **97** | **133** |
| б) Подигнување на нови површини Програма на ЕЛС | 2,000,000 | 0 | | **0** | |
| в) Други услуги | 300,000 | 0 | | **0** | |
| **Одделение "Пазари"** | 9,040,000 | **4.340.953** | **4.372.659** | **48** | **101** |
| а) Пазаришна такса | 3,600,000 | 1.393.890 | 1.855.288 | **52** | **133** |
| б) Резервации | 2,900,000 | 1.852.385 | 1.489.178 | **51** | **80** |
| в) Кирии | 2,540,000 | 1.094.678 | 1.028.193 | **40** | **94** |
| **Одделение за планирање, инвестиции и развој** | 2,500,000 | 743.887 | 723.067 | **29** | **97** |
| **Други приходи** | 4,400,000 | **3.363.830** | **3.165.427** | **72** | **94** |

**ЈКП Дервен- Велес** **Преглед бр.3**

## ПРЕГЛЕД
## на остварени финансиски резултати по Сектори и оддели за период од I –IX месец 2024 год.

| Елементи | Остварено | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Дервен | Водовод | Ком. хигиена | Паркови | Пазари |
| | 2024 | 2024 | 2024 | 2024 | 2024 |
| **А - Вкупни приходи** | **203,292,235** | **89,393,179** | **98,104,347** | **10,710,369** | **5,084,337** |
| Приходи од продажба | **199,403,741** | 87,639,920 | 96,318,973 | 10,453,497 | 4,991,350 |
| Други приходи | **3,165,427** | 1,424,442 | 1,459,261 | 205,753 | 75,971 |
| Приходи од одделение за инвестиции и развој | **723,067** | 325,381 | 333,334 | 46,998 | 17,353 |
| **Б - Вкупни расходи** | **230,716,011** | **108,357,109** | **91,189,310** | **23,963,444** | **7,206,054** |
| **1.Материјални трошоци и амортиз.** | **93,973,780** | **56,590,492** | **29,842,216** | **6,427,536** | **1,113,447** |
| Потрошени суровини и материјали | **8,657,211** | 5,272,796 | 2,568,122 | 526,106 | 290,248 |
| Потрошена електрична енергија | **7,868,406** | 7,388,675 | 350,868 | 54,558 | 74,156 |
| Потрошено гориво | **6,931,146** | 851,005 | 5,799,072 | 273,655 | 7,414 |
| Потрошени резервни делови | **2,176,269** | 52,332 | 1,115,027 | 1,008,910 | 0 |
| Отпис на ситен инвентар | **545,788** | 98,170 | 330,626 | 114,696 | 2,296 |
| Трошоци за поштенски услуги | **870,629** | 374,602 | 357,474 | 106,832 | 31,721 |
| Трошоци за ХС - Лисиче | **19,591,040** | 19,591,040 | 0 | 0 | 0 |
| Производни услуги од други | **26,314,437** | 8,992,706 | 13,134,908 | 3,902,755 | 284,067 |
| Амортизација | **21,018,854** | 13,969,166 | 6,186,119 | 440,024 | 423,545 |
| **2. Нематеријални трошоци** | **11,378,807** | **5,034,915** | **5,375,073** | **689,152** | **279,664** |
| Надоместоци за вработени | **4,728,415** | 2,080,503 | 2,279,096 | 250,606 | 118,210 |
| Трошоци за репрез.,спон. и реклама | **648,571** | 291,858 | 298,993 | 42,158 | 15,566 |
| Премија за осигурување | **1,672,014** | 752,412 | 770,798 | 108,661 | 40,142 |
| Даноци,придонеси и персонал.данок | **537,286** | 205,836 | 272,949 | 44,008 | 14,493 |
| Надом. трош. за платен промет | **232,689** | 102,383 | 112,155 | 12,331 | 5,817 |
| Судски и други трошоци | **3,559,832** | 1,601,923 | 1,641,082 | 231,388 | 85,436 |
| Отпис на побарувања | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **3. Бруто плата** | **124,962,215** | **46,551,159** | **55,787,063** | **16,820,678** | **5,803,314** |
| **4. Догов. камати од кредит. односи** | **401,209** | **180,543** | **184,958** | **26,078** | **9,629** |
| **В - (А-Б) - Добивка** | **0** | 0 | 6,915,037 | 0 | 0 |
| **Г - (А-Б) - Загуба** | **-27,423,776** | -18,963,930 | | -13,253,075 | -2,121,717 |

**ЈКП "Дервен" Велес** **Преглед бр.4**

# П Р Е Г Л Е Д

## На планирани и остварени финансиски резултати на ЈКП ДЕРВЕН Велес период од I – IX месец 2024 год.

| Елементи | План | Остварено | | Индекс | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | 2023 | 2024 | 5 : 3 | 5 : 4 |
| 2 | 3 | 4 | 5 | | |
| **А - Вкупни приходи** | 277,104,374 | **185.527.144** | **203.292.235** | **73** | **110** |
| Приходи од комунални услуги | 277,104,374 | **185.527.144** | **203.292.235** | **73** | **110** |
| **Б - Вкупни расходи** | 276,440,000 | **209.539.383** | **230.716.011** | **83** | **110** |
| **1. Материјал. трош. и амортизација** | 117,050,000 | **92.409.929** | **93.973.780** | **80** | **102** |
| Потрошени суровини и материјали | 10,500,000 | 8.645.436 | 8.657.211 | **82** | **100** |
| Потрошена електрична енергија | 9,500,000 | 7.497.027 | 7.868.406 | **83** | **105** |
| Потрошено гориво | 9,000,000 | 7.393.670 | 6.931.146 | **77** | **94** |
| Потрошени резервни делови | 2,300,000 | 2.113.136 | 2.176.269 | **95** | **103** |
| Отпис на ситен инвентар | 800,000 | 565.873 | 545.788 | **68** | **96** |
| Трошоци за поштенски услуги | 950,000 | 629.209 | 870.629 | **92** | **138** |
| Трошоци за ХС - Лисиче | 24,900,000 | 16.581.120 | 19.591.040 | **79** | **118** |
| Производни услуги од други | 21,600,000 | 20.813.780 | 26.314.437 | **122** | **126** |
| Амортизација | 37,500,000 | 28.170.678 | 21.018.854 | **56** | **75** |
| **2. Нематеријални трошоци** | 14,360,000 | **11.280.833** | **11.378.807** | **79** | **101** |
| Надоместоци за вработени | 8,500,000 | 5.859.359 | 4.728.415 | **56** | **81** |
| Трошоци за репрез.,спон и реклама | 960,000 | 601.459 | 648.571 | **68** | **108** |
| Премија за осигурување | 650,000 | 213.527 | 1.672.014 | **257** | **783** |
| Даноци, придонеси и персонал данок | 850,000 | 574.849 | 537.286 | **63** | **93** |
| Надом. трошоци за платен промет | 500,000 | 280.360 | 232.689 | **47** | **83** |
| Судски и други трошоци | 2,900,000 | 3.751.279 | 3.559.832 | **123** | **95** |
| Отпис на побарувања<br>-трошоци од стечај и ликвидација | - | | | | |
| **3. Бруто плата** | **145,000,000** | **105.768.708** | **124.962.215** | **86** | **118** |
| **4. Догов. камати од кредит. односи** | **30,000** | **79.913** | **401.209** | **1337** | **502** |
| **В - (А-Б) – Загуба** | | **-24.012.239** | **-27.423.776** | | |
| **Г - (А-Б) - Добивка** | **664,374** | | | | |

Јавно комунално претпријатие ДЕРВЕН Велес

Јавно комунално претпријатие
ДЕРВЕН
Бр. 02-2122/3
10.12 2024 год.
Велес

Врз основа на член 22 од Статутот на ЈКП ДЕРВЕН Велес, Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден 10.12.2024 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

За усвојување на Извештајот за работата на ЈКП Дервен-Велес
за период од 01-09 месец 2024 година

**Член 1**

Извештајот за работата на ЈКП Дервен-Велес за периодот од 01-09 месец 2024 година се усвои во целост.

**Член 2**

Извештајот за работата на ЈКП Дервен-Велес за периодот од 01-09 месец 2024 година се доставува до Советот на Општина Велес за добивање на согласност.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ДОСТАВЕНО ДО:

-Совет на Општина Велес
-Списи на Управен одбор
-Архива

**Зам.Претседател на Управен одбор**

Дипл.екон.Маја Демерџиева

Јавно комунално претпријатие ДЕРВЕН Велес

Јавно комунално претпријатие
ДЕРВЕН
Бр. 02-2117/3
10.12 2024 год.
Велес

Врз основа на член 38 од Статутот на ЈКП Дервен од Велес, Надзорниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден 10.12.2024 година го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

По Извештајот за работа на претпријатието
во периодот од 01-09 месец 2024 година

Членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално и финансиско работење на претпријатието, на седницата одржана на ден 10.12.2024 година, по разгледување на Извештајот за работа на претпријатието во периодот од 01-09 месец во 2024 година, констатираа дека ЈКП Дервен од Велес во наведениот период покажува работење со остварена добивка/загуба од **-27.423.776** денари.

По утврдената состојба даваме позитивно мислење и му предлагаме на Управниот одбор на претпријатието да го усвои Извештајот за работа на претпријатието во периодот од 01-09 месец во 2024 година, бидејќи утврдивме дека работењето на Претпријатието е редовно и регуларно како и секоја година наназад и дека вака прикажаната загуба, е предизвикана од повеќе причини кои не се на страна на ЈКП ДЕРВЕН и не се предизвикани од несовесно работење, туку станува збор за недоволни приходи по Програмите од страна на Општината, зголемување на трошоци од надворешни фактори како што е зголемената цена за гориво, електрична енергија, зголемена минимална плата за вработените и.т.н.

**Предлог до:** -Директорот на ЈКП ДЕРВЕН-Велес
-Управниот одбор на ЈКП ДЕРВЕН-Велес,
-Градоначалник на Општина Велес и
-Совет на Општина Велес, како соодветни и надлежни органи да извршат:

1. Покачување на приходите кои ги издвојува Општина Велес по повод Програмите за Сектор „Комунална хигиена“ и Сектор „Паркови и зеленило“;
2. Општината да дава налог за работа за дејности кои ЈКП Дервен може да ги извршува, а сето ова со цел подобрување на финансиската состојба на Претпријатието.

Претседател
на Надзорниот одбор с.р.
Дипл.правник Анета Стевановска Јаневска

Јавно комунално претпријатие
ДЕРВЕН
Велес